**20150692419**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 96 став (1) точка м) и став (10) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013 и 44/2014) и член 116 став (1) точка н) и став (10) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 07/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 21.4.2015 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на известување на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од страна на пензиско друштво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 175/2013) во член 2 став 1 во точката з) сврзникот: „и“ се брише и се додаваат две нови точки: „ ѕ)“ и „и)“ кои гласат:

„ѕ) месечен извештај за управување со ризици на пензиските фондови;

и) извештај за сомнителни трансакции во доброволен пензиски фонд согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и“

Точката ѕ) станува точка ј).

Член 2

Во член 3 став 1 по буквата: „ж)“ сврзникот: „и“ се брише и се става запирка, по буквата: „ з)“ се додаваат зборовите: „ѕ) и и)“, а по зборот: „ нивното“ се додава зборот: „усвојување,“.

Член 3

Во член 5 став 3 буквата :„ѕ)“ се заменува со буквата: „ј)“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-528/7
27 април 2015 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.